20251933947

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СО ЗАЕМ КАЈ МЕЃУНАРОДНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ – СВЕТСКА БАНКА ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ДОПОЛНИТЕЛНО ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Се прогласува Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за дополнително финансирање на Проектот за унапредување на основното образование,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 12 септември 2025 година.

Бр. 08-4861/1
12 септември 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СО ЗАЕМ КАЈ МЕЃУНАРОДНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ – СВЕТСКА БАНКА ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ДОПОЛНИТЕЛНО ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Член 1

Република Северна Македонија се задолжува кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка со заем во износ од 15.000.000 евра, наменет за дополнително финансирање на Проектот за унапредување на основното образование.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од членот 1 од овој закон се утврдуваат со Договор за заем за дополнително финансирање на Проектот за унапредување на основното образование, кој ќе се склучи меѓу Република Северна Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка.

Во име на Република Северна Македонија, Договорот за заем од ставот 1 на овој член ќе го потпише министерот за финансии.

Член 3

Рокот за отплата на заемот од членот 1 од овој закон е 12 години, со вклучен грејс-период од три години.

Каматната стапка е шестмесечен ЕУРИБОР со варијабилен распон.

По потпишувањето на Договорот за заем од членот 2 став 1 од овој закон Република Северна Македонија ќе ѝ плати на Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка еднократна провизија во износ од 0,25% од износот на заемот.

Република Северна Македонија ќе ѝ плаќа на Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка провизија во висина од 0,25% од неповлечениот дел од заемот на годишно ниво.

Заемот од членот 1 од овој закон ќе се отплаќа на 18 полугодишни рати, од кои 17 полугодишни рати секоја во износ од 5,56% од износот на заемот, додека последната, 18 рата, во износ од 5,48% од износот на заемот. Заемот од членот 1 од овој закон ќе се отплаќа на 15 јуни и на 15 декември секоја година.

Член 4

Корисник на средствата од заемот од членот 1 од овој закон е Министерството за образование и наука.

Член 5

Република Северна Македонија заемот од членот 1 од овој закон ќе го отплаќа од Буџетот на Република Северна Македонија.

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.